**НСК-КО бр.7/17**
**Скопје, 29.06.2017 година**

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1**
**СКОПЈЕ**

**I.**

Врз основа на член 39 став 2 алинеја 9 во врска со член 319 став 1 од Законот за кривична постапка и член 5 став 4 алинеја 5 од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднесувам

**О Б В И Н И Т Е Л Е Н А К Т**
**СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРКА ПРИТВОР**

**ПРОТИВ:**

**Д.П.Л.** од татко Н. и мајка Б., роден на ... година во С.Р.М., живее во З.Р.М., писмен со завршено високо образование, по занимање новинар, србин, државјанин на Р.Македонија, со ЕМБГ ..., се брани од слобода.

**II.**

Врз основа на член 39 став 2 алинеја 9 во врска со член 508, член 469 и член 509 став 1 точка 3 од Законот за кривична постапка и член 5 став 4 алинеја 5 од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднесувам

**О Б В И Н И Т Е Л Е Н П Р Е Д Л О Г**

**ПРОТИВ:**

1. Правното лице **ДМП Т.М. ДООЕЛ С.**, со променето седиште од 02.02.2017 година на ..., во С.Р.М., со ЕМБС ... и ЕДБ .., управител Д.П.Л., живее на ... З.Р.М.

2. Правното лице **ДМИП М. ДООЕЛ С.** со седиште на ..., С.Р.М. со ЕМБС ... и ЕДБ ..., управител П.В. живее во О.Р.М.

3. Правното лице **ДМ Т.М.Ц. ДООЕЛ С.** со променето седиште од 01.02.2017 година на ..., С.Р.М., со ЕМБС ... и ЕДБ ..., управител Д.П.Л. живее на ..., З.Р.М.

**ЗАТОА ШТО:**

Во периодот од 01.01.2008 до 15.03.2016 година во Скопје за даночните години 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 обвинетиот Д.П.Л. како сопственик и управител на ДМ Т.М.А. ДООЕЛ С.,

управител на ДМП Т.М. ДООЕЛ С., управител на ДМИП М. ДООЕЛ С. и сопственик и управител на ДМ Т.М.Ц. ДООЕЛ С. и преку неговите дејствија обвинетите правни лица ДМП Т.М. ДООЕЛ С., ДМИП М. ДООЕЛ С. и ДМ Т.М.Ц. ДООЕЛ С., со намера обвинетиот и правните лица да одбегнат делумно плаќање на даноци, со повеќе временски поврзани дејствија искористувајќи ист траен однос и исти прилики во книговодствената евиденција на правните лица, завршните сметки и даночните пријави давал лажни податоци за фактите од влијание за утврдување на износот на даночните обврски кои биле должни да ги платат со што правните лица за наведените даночни години одбегнале да платат даночни обврски во вкупен износ од **5.363.346,00** денари а обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати даночни обврски во значителен износ од **3.459.730,00** денари и тоа:

**1.**Во периодот од 01.01.2008 до 15.03.2012 година за даночните години 2008, 2009, 2010 и 2011 обвинетиот Д.П.Л. како сопственик и управител на ДМ Т.М.А. ДООЕЛ С. со намера тој и друштвото да одбегнат делумно плаќање на даноци, во книговодствената евиденција на друштвото, завршните сметки и даночните пријави давал лажни податоци за фактите од влијание за утврдување на износот на даночните обврски кои биле должни да ги платат со што друштвото Т.М.А. ДООЕЛ С. кое било ликвидирано на 29.05.2013 година, за наведените даночни години одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **2.282.662,00** денари а обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати даночни обврски во вкупен износ од **1.228.509,00** денари, на начин што:

1.1.За даночната 2008 година:

- ја намалил основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **1.084.111,00 денари** со тоа што спротивно на член 10 од Законот за данок на добивка прикажал расходи на кои им дал третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, и тоа: трошоци во износ од **283.947,00 денари** за ваучери за мобилни телефони, поправка на приватен автомобил Сеат Леон, електрични инсталации, озвучување и плаќања без документ; трошоци за отпис на ситен инвентар во износ од **91.915,00 денари** за микрофони, санитарии за бања, ДВД плеер, автомобилски гуми и влечна кука за приватен автомобил; трошоци за пресметана амортизација на основни средства и опрема во износ од **166.901,00 денари** за набавени телефони, компјутерска опрема, аудио опрема, мебел, фрижидер, рерна за шпорет, фотоапарати, звучници, појачала, телевизори и хард дискови; трошоци во износ од **526.375,00 денари** за патарини, репрезентација, набавени книги и патувања и трошоци за неправилно пресметан ДДВ во износ од **14.973,00 денари,** со што друштвото одбегнало да плати данок на добивка во износ од **108.411,00** денари;

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористил правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **2.224.755,00 денари** за телефони,

компјутерска опрема, аудио опрема, столчиња, мебел, фрижидер, рерна за шпорет, фотоапарати, звучници, појачала, телевизори, хард дискови, ваучери за мобилни телефони, поправка на приватен автомобил Сеат Леон, електрични инсталации, озвучување, микрофони, санитарии за бања, ДВД плеер, автомобилски гуми и влечна кука за приватен автомобил иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, а биле користени за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото, со што друштвото одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **318.985,00** денари

и за даночната 2008 година друштвото Т.М.А. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **427.396,00** денари;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавил како приход износот од **2.591.370,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува со што обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати персонален данок на доход во износ **од 205.747,00 денари;**

1.2.За даночната 2009 година:

- ја намалил основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **2.544.463,00** денари со тоа што спротивно на член 10 од Законот за данок на добивка прикажал расходи на кои им дал третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица и тоа: трошоци во износ од **393.638,00 денари** за набавени GPS уред, ваучери за мобилни телефони, часовник и стоки само со шифри но без опис; трошоци за отпис на ситен инвентар во износ од **318.454,00 денари** за дисплеј, ваучери, душеци, компјутерски инвентар, садови за кујна, Canon опрема и ДВД режач; трошоци за пресметаната амортизација на основни средства и опрема во износ од **689.776,00 денари** за набавени телефони, компјутерска опрема, ДВД рисивер, звучник, адаптери, столици, опрема, биро, објектив и садови за кујна, трошоци во износ од **221.011,00 денари** за патни трошоци, репрезентација, трошоци по контрола, трошоци за ДДВ и фиктивни евиденции во вкупен износ од **921.584,00 денари** кои се сторнирани во 2010 година со намалување на акумулираната добивка на кој начин друштвото одбегнало да плати данок на добивка во износ од **254.446,00 денари;**

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористил правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **2.266.656,00 денари** за телефони,

компјутерска опрема, ДВД рисивер, звучник, адаптери, столици, опрема, биро, објектив, садови за кујна GPS уред, ваучери за мобилни телефони, часовник, дисплеј, ваучери, душеци, компјутерски инвентар, садови за кујна, Canon опрема и ДВД режач иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица а биле користени за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото, со што друштвото одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **393.039,00 денари**

и за даночната 2009 година друштвото Т.М.А. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **647.485,00 денари**;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавил како приход износот од **2.527.643,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува, со што обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати персонален данок на доход во износ од **136.714,00 денари**;

1.3.За даночната 2010 година:

-ја намалил основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **2.328.572,00 денари** со тоа што спротивно на член 10 од Законот за данок на добивка прикажал расходи на кои им дал третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица и тоа: трошоци во износ од **261.509,00 денари** за чистење на приватни простории и трошоци без фактура; трошоци за отпис на ситен инвентар во вредност од **489.545,00 денари** за рачки и шини, Dell адаптери, ташна за лаптоп, опрема без спецификација, батерии, спојки, колена, панцир церада, штрафови и вентили, лепак, песок и цемент, гуми за приватно возило, плакари, кожни ташни, санириатии за купатила, сим картички, ногарки и гардеробер; пресметана амортизација на основни средства и опрема во износ од **626.166,00 денари** за набавени нематеријално средство-софтвер менаџмент, мобилни телефони, рисивер денон, синема дисплеј ејпл, телевизор, ДВД плејер, компјутери, комода и фотеља, мебел, процесор, рисивер и појачало, дигитална камера, објектив, лцд ТВ, комоди, видео камера и батерија, техничка опрема, фотоапарати, слушалки, елементи од иверка и медијапан, фиокари и плакари; трошоци во вкупен износ од **948.352,00** денари за платени износи без фактури и однаред платени износи, резервни делови, транспортни услуги, списанија, надомест на трошоци и репрезентација со што друштвото одбегнало да плати данок на добивка во износ од **232.857,00** денари;

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористил

правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **6.059.156,00 денари** за чистење на приватни простории, рачки и шини, Dell адаптери, ташна за лаптоп, опрема без спецификација, батерии, спојки, колена, панцир церада, штрафови и вентили, лепак, песок и цемент, гуми за приватно возило, плакари, кожни ташни, саниратии за купатила, сим картички, ногарки и гардеробер, софтвер менаџмент, мобилни телефони, рисивер денон, синема дисплеј ејпл, телевизор, ДВД плејер, компјутери, комода и фотеља, мебел, процесор, рисивер и појачало, дигитална камера, објектив, лцд ТВ, комоди, видео камера и батерија, техничка опрема, фотоапарати, слушалки, елементи од иверка и медијапан, фиокари и плакари, резервни делови, транспортни услуги, списанија, надомест на трошоци и репрезентација иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за вршење на дејноста со употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица а биле користени за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото, со што друштвото одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **829.432,00** денари

и за даночната 2010 година друштвото Т.М.А. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **1.062.289,00** денари;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавил како приход износот од **7.020.651,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува со што обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати персонален данок на доход во износ од **780.072,00 денари;**

1.4.За даночната 2011 година:

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористил правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **808.290,00 денари** за тросед, фотеља, прекривки, техничка опрема, озвучување, телевизор, фенови, фотоапарати, ташна, GPS уред, метална галантерија и дограма, иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, а биле користени за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото, со што друштвото Т.М.А. ДООЕЛ С. одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **145.492,00 денари**;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавил како приход износот од **953.782,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува, со што обвинетиот Д.П.Л.

одбегнал да плати персонален данок на доход во износ од **105.976,00 денари**;

**2.** Во периодот од 01.01.2011 до 15.03.2014 година за даночните години 2011, 2012 и 2013 обвинетиот Д.П.Л. како управител на обвинетото правно лице ДМП Т.М. ДООЕЛ С. и преку неговите дејствија обвинетото правно лице ДМП Т.М. ДООЕЛ С., со намера обвинетиот и правното лице да одбегнат делумно плаќање на даноци, во книговодствената евиденција на друштвото, завршните сметки и даночните пријави давал лажни податоци за фактите од влијание за утврдување на износот на даночните обврски кои биле должни да ги платат со што обвинетото правно лице Т.М. ДООЕЛ С. за наведените даночни години одбегнало да плати даночни обврски во значителен износ од **2.386.264,00** денари а обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати даночни обврски во вкупен износ од **1.393.059,00** денари, на начин што:

2.1.За даночната 2011 година:

-ја намалил основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **371.340,00 денари** со тоа што спротивно на член 11 од Законот за данок на добивка прикажал расходи на кои им дал третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица и тоа: трошоци во износ од **83.661,00 денари** за трошоци без фактура; трошоци за отпис на ситен инвентар во вредност од **28.523,00 денари** за кој не постои фактура и полнач и батерија Олимпус; трошоци за пресметана амортизација на основни средства и опрема во износ од **214.737,00 денари** за средства набавени без фактура, столица и масичка, плеер, ДВД плеер, аудио кабел, фотопрема и техничка опрема за озвучување, никон техничка опрема; трошоци во износ од **44.419,00 денари** за платени износи за репрезентација и останати трошоци со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на добивка во износ од **37.134,00** денари;

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористил правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **1.262.330,00 денари** за столица и масичка, плеер, ДВД плеер, аудио кабел, фотопрема, техничка опрема за озвучување, никон техничка опрема, репрезентација и останати трошоци иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица а биле користени за лични потреби на обвинетиот како управител на друштвото, со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **196.392,00** денари

и за даночната 2011 година обвинетото правно лице Т.М. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **233.526,00** денари;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавил како приход износот од 1**.505.717,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетиот како управител на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува со што обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати персонален данок на доход во износ **од 167.302,00 денари;**

2.2.За даночната 2012 година:

-ја намалил основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **3.752.831,00 денари** со тоа што спротивно на член 11 од Законот за данок на добивка прикажал расходи на кои им дал третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица и тоа: трошоци во износ од **905.798,00 денари** за трошоци без фактура, за врата, боја и друг потрошен материјал, ентериерно уредување, изработка на канцелариски мебел, инсталација на сончев систем, изработка и монтажа на пвц столарија, изработка на ролетни, репроматеријали и лимарски работи, АБЦ трака, кроење лесонит и поправки; трошоци за отпис на ситен инвентар во износ од **772.783,00 денари** за инвентар од 2012 година кој не бил отпишан, за тастатура, мебел, батерии, далечинско за клима, постери, телефон, адаптер и набавки без документ; трошоци за пресметаната амортизација на основни средства и опрема во износ од **530.185,00 денари** за набавени фотеља и масичка, озвучување, телевизор, комода, масичка и комода, техничка опрема за озвучување, никон фотоапарат и меморија, канцелариски инвентар, компјутер, канон фотоапарати, кожна ташна, техничка опрема и набавки без документи; трошоци во вкупен износ од **1.505.500,00 денари** за платени износи за репрезентација, патни трошоци, казнени камати и други набавки и трошоци во вкупен износ од **38.565,00 денари** за набавка со фискална сметка од П.М. и Ш. со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на добивка во износ од **375.283,00 денари;**

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористил правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **3.709.718,00 денари** за фотеља и масичка, озвучување, телевизор, комода, масичка и комода, техничка опрема за озвучување, никон фотоапарат и меморија, канцелариски инвентар, компјутер, канон фотоапарати, кожна ташна, техничка опрема, за тастатура, мебел, батерии, далечинско за клима, постери, телефон, адаптер, врата, боја и друг потрошен материјал, ентериерно уредување, изработка на канцелариски мебел, инсталација на сончев систем, изработка и монтажа на пвц столарија, изработка на ролетни, репроматеријали и лимарски работи, АБЦ трака, кроење лесонит и

поправки иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица а биле користени за лични потреби на обвинетиот како управител на друштвото, со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **596.615,00 денари**,

и за даночната 2012 година обвинетото правно лице Т.М. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ **од 971.898,00 денари**;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавил како приход износот од **4.344.903,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетиот како управител на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува, со што обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати персонален данок на доход во износ **од 482.767,00 денари**;

2.3.За даночната 2013 година:

-ја намалил основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **1.598.047,00 денари** со тоа што спротивно на член 11 од Законот за данок на добивка прикажал расходи на кои им дал третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица и тоа: трошоци во износ од **902.016,00 денари** за трошоци без фактура, за тонер, аванс за изработка преградни ѕидови, монтажа на опрема за канализација за Зелениково; трошоци за отпис на ситен инвентар во износ од **199.262,00 денари** за никон објектив, никон сони адаптер, батерија сони и друга техничка опрема; трошоци за пресметаната амортизација на основни средства и опрема во износ од **346.573,00 денари** за набавени никон објектив, никон фотоопрема, по договор за соработка со фирмата Х.Х., ајфон, техничка опрема озвучување, фотоапарат канон, фотоапарати Олимпус, Панасоник, Скандиск, техничка опрема, монтажа на опрема за канализација за Зелениково, техничка опрема озвучување, ХДМИ уреди, аванс за изработка со фирма К. и никон фотоапарат специјална едиција; трошоци за автомобил и патни трошоци во износ од **150.196,00 денари** со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на добивка во износ од **159.805,00 денари;**

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористил правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **5.522.292,00 денари** за аванс за изработка преградни ѕидови, монтажа на опрема за канализација за Зелениково, никон објектив, никон сони адаптер, батерија сони и друга техничка опрема, трошоци за автомобил и патни трошоци, никон фотоопрема, по договор за соработка со фирмата Х.Х., ајфон, техничка

опрема озвучување, фотоапарат канон, фотоапарати Олимпус, Панасоник, Скандиск, техничка опрема, монтажа на опрема за канализација за Зелениково, техничка опрема озвучување, ХДМИ уреди, аванс за изработка со фирма К. и никон фотоапарат специјална едиција иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица а биле користени за лични потреби на обвинетиот како управител на друштвото, со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **1.021.035,00 денари**;

и за даночната 2013 година обвинетото правно лице Т.М. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **1.180.840,00 денари**;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавил како приход износот од **6.686.911,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетиот како управител на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува, со што обвинетиот одбегнал да плати персонален данок на доход во износ од **742.989,00 денари**;

**3**.Во периодот од 01.01.2014 до 15.03.2015 година за даночната 2014 година обвинетиот Д.П.Л. како управител на ДМИП М. ДООЕЛ С. и преку неговите дејствија обвинетото правно лице ДМИП М. ДООЕЛ С., со намера обвинетиот и правното лице да одбегнат делумно плаќање на даноци, во книговодствената евиденција на друштвото, завршната сметка и даночните пријави давал лажни податоци за фактите од влијание за утврдување на износот на даночните обврски кои биле должни да ги платат со што обвинетото правно лице М. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **279.236,00** денари а обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати даночни обврски во вкупен износ од **260.198,00** денари, на начин што:

-ја намалил основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **2.347.272,00 денари** со тоа што спротивно на член 9 од Законот за данок на добивка прикажал расходи на кои им дал третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица и тоа: трошоци во износ од **247.272,00** за набавки на опрема за бањи и трошоци во износ од **2.100.000,00 денари** за извршена исплата во корист на лицето Д.П.Л. прикажано како усогласување на сметките со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на добивка во износ од **234.727,00 денари;**

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористил правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и

примените услуги во вредност од **247.272,00 денари** за набавки на опрема за бањи иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар а биле користени за лични потреби на обвинетиот како управителот на друштвото, со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **44.509,00 денари**;

и за даночната 2014 година обвинетото правно лице М. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **279.236,00 денари**

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавил како приход износот од **2.347.272,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетиот како управител на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува, со што обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати персонален данок на доход во износ од **260.198,00 денари**;

**4.** Во периодот од 01.01.2014 до 15.03.2016 година за даночните години 2014 и 2015 обвинетиот Д.П.Л. како сопственик и управител на ДМ Т.М.Ц. ДООЕЛ С. и преку неговите дејствија обвинетото правно лице ДМ Т.М.Ц. ДООЕЛ С., со намера тој и правното лице да одбегнат делумно плаќање на даноци, во книговодствената евиденција на друштвото, завршните сметка и даночните пријави давал лажни податоци за фактите од влијание за утврдување на износот на даночните обврски кои биле должни да ги платат со што обвинетото правно лице Т.М.Ц. ДООЕЛ С. за наведените даночни години одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **415.184,00** денари а обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати даночни обврски во вкупен износ од **577.964,00** денари, на начин што:

4.1.За даночната 2014 година:

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористил правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **1.310.401,00 денари** за набавени мебел, процесор, мобилен телефон, плакари, иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за вршење на дејноста со употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица а биле користени за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото, со што обвинетото правно лице Т.М.Ц. ДООЕЛ С. одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **116.143,00 денари**;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавил како приход износот од **1.352.616,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за

персонален данок на доход кој задолжително се пријавува со што обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати персонален данок на доход во износ од **150.290,00 денари**;

4.2.За даночната 2015 година:

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористил правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **1.906.105,00 денари** за тонери, декорации,одржување, наем на аудио опрема, мебел, лустери, иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица а биле користени за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото, со што обвинетото правно лице Т.М.Ц. ДООЕЛ С. одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **299.041,00 денари**;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавил како приход износот од **3.849.070,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетиот како сопственик и управител на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува со што обвинетиот Д.П.Л. одбегнал да плати персонален данок на доход во износ од **427.674,00 денари**.

Со што обвинетиот Д.П.Л. сторил кривично дело Даночно затајување од член 279 став 2 во врска со став 1 во врска со член 45 од КЗ, а преку дејствијата на одговорното лице обвинетите правни лица ДМИП М. ДООЕЛ С. и ДМ Т.М.Ц. ДООЕЛ З. сториле по едно кривично дело Даночно затајување од член 279 став 3 во врска со став 1 во врска со член 45 од КЗ, а обвинетото правно лице ДМП Т.М. ДООЕЛ С. сторило кривично дело Даночно затајување од член 279 став 3 во врска со став 2 и став 1 во врска со член 45 од КЗ,

Поради што

ПРЕДЛАГАМ

Основен суд Скопје 1 Скопје како стварно и месно надлежен, согласно член 25 и член 26 од Законот за кривична постапка и член 30 став 1 од Законот за судовите, да закаже и одржи главна, јавна и усна расправа на која ќе се повикаат:

-Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите,

-Обвинетиот Д.П.Л. од З.Р.М.,

-Претставници на обвинетите правни лица ДМП Т.М. ДООЕЛ З. со седиште на ..., ДМИП М. ДООЕЛ С.со седиште на ... и ДМ Т.М.Ц. ДООЕЛ З. со седиште на ....

-Сведокот ...

-Претставник на Државно правобранителство на Р.Македонија

Обвинителниот акт се темели на следните докази:
**(описот на доказите во оригиналното обвинение е содржан од стр.12 до стр.35)**

По одржаната главна, јавна и усна расправа обвинетиот да биде огласен за виновен и да се осуди согласно законот, а на обвинетите правни лица да им биде изречена казна согласно законот.

**III.**

Врз основа на член 321 став 3 и член 165 став 1 точка 1 и 3 од Законот за кривична постапка поднесувам

**П Р Е Д Л О Г**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРКА ПРИТВОР**

Спрема обвинетиот Д.П.Л. да се определи мерка притвор од следните причини:

Постојат околности што укажуваат на опасност од бегство, согласно член 165 став 1 точка 1 од ЗКП. Имено, обвинетиот има патна исправа – пасош и имајќи го во предвид писмениот допис-одговор на барање од МВР рег.бр... од 28.06.2017 година со прилог листинзите за евидентирани влезови и излези преку државната граница произлегува дека многу често патува во странство. Имајќи ја во предвид висината на казната затвор што е предвидена за кривичното дело Даночно затајување од член 279 став 2 во врска со став 1 од КЗ, начинот на извршување на истото, износот на одбегнатите даночни обврски, како и честото одење во странство на обвинетиот укажува дека спрема него треба да биде определен притвор, бидејќи постои опасност од бегство.

Исто така постојат особени околности кои го оправдуваат стравот дека обвинетиот ќе го повтори кривичното дело, согласно член 165 став 1 точка 3 од ЗКП. Имено обвинетиот и понатаму е управител на обвинетото правно лице ДМП Т.М. ДООЕЛ С., сопственик и управител на обвинетото правно лице ДМ Т.М.Ц. ДООЕЛ С. како и сопственик на правното лице М. ЛТД ДООЕЛ З., па имајќи ги во предвид бројот на правните лица во кои тој е сопственик и управител, како и фактот дека се обвинува за продолжено кривично дело кое го извршувал во подолг временски период, конкретно во периодот од почетокот на 2008 година па се до 15.03.2016 година, овие околности го оправдуваат стравот дека истиот ќе го повтори кривичното дело.

Погоре наведените околности упатуваат на тоа дека целта на притворот не би можела да се оствари со некоја друга мерка за обезбедување присуство на обвинетиот.

Од овие причини сметам дека се исполнети условите од член 165 став 1 точка 1 и 3 од ЗКП, за определување притвор спрема обвинетиот Д.П.Л. и предлагам на судот да донесе решение со кое ќе ја определи оваа мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот во текот на кривичната постапка.

**ПРИЛОЗИ за т.III...**

**Јавен обвинител за гонење на кривични дела**
**поврзани и кои произлегуваат од содржината**
**на незаконското следење на комуникациите**
**Катица Јанева**